Romalitico
ROMA POLICY ANALYSES

Институт за Истражување и Анализа на Политики – Ромалитико
Institute for Research and Policy Analysis – Romalitico

ул. Мајаковски бр.12/1-18 1000 Скопје - www.romalitico.org –info@romalitico.org–str. Majakovski 12/1-18 - 1000 Skopje

ДО:
**Градоначалник на Општина Крива Паланка**
**Совет на Општина Крива Паланка**

Институт за истражување и анализа на политики
РОМАЛИТИКО СКОПЈЕ
Institute for Research and Policy Analysis
ROMALITICO SKOPJE
бр. 0302-242/11
14. 11. 2024 год.

Предмет: Барање

Почитувани,

Институтот за истражување и анализи на политики – РОМАЛИТИКО, во рамки на своите проектни активности, во периодот од август до октомври 2024, спроведе мапирање на приоритети на локалната ромска заедница во Вашата општина. Овој процес на идентификација на приоритетите и потребите се заснова врз реалната потреба за подобрување на положбата на ромската заедница на локално ниво.

**Во општина Крива Паланка идентификувани се следниве приоритети:**

1. Обезбедување на туторска настава за ученици Роми по предметите македонски, математика и англиски јазик за 2, 3, 4 и 5 одделение.
2. Доделување на награда за најдобар ученик Ром
3. Издвојување на финансиски средства од буџетот на општината за прославување на 8-ми Април (Ден на Роми) , 5-ти Ноември (ден на ромскиот јазик), 2 Август (ден на сеќавање на Холокаустот врз Ромите)
4. Реконструкција на улица Единство во должина од 500 м
5. Асфалтирање на улица Пиринска во должина од 50 метри
6. Изградба на канал за вода и ставање на решетки на улица Пиринска
7. Реконструкција на канализациона мрежа на улица Пиринска
8. Изработка и усвојување на ДУП за Единство и Пиринска

Во насока на реализација на овие приоритети и во интерес на ромската заедница, замолуваме истите да бидат земени во предвид во Годишните програми и Предлог буџетот на општината за 2025.

За сите дополнителни информации Ви стоиме на располагање на следниов емаил: info@romalitico.org

Со почит,

**Елвис Шакири**
**Извршен директор**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-574/2
31.01 2025 год
КРИВА ПАЛАНКА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**До Институт за истражување и креирање на политики**
**Ромалитико,**
**ул. Мајаковски, бр. 12/1 -18**
**1000 Скопје,**
**емаил:info@romalitico.org**

**ПРЕДМЕТ: ОДДГОВОР НА БАРАЊЕ**
**Ваш бр. 0302-17/1,22.01.2025г.**
**Наш бр. 08-574/1 од 27.01.2025г.**

Почитувани, постапувајќи по вашето Барање, наш бр. 08-574/1 од 27.01.2025г. ви ги доставуваме бараните информации и тоа:

Од вашите предлози доставени со вашето Барање од 14.11.2024 година за буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година, согласно висината на буџетски средства на општината за 2025 година , имајќи предвид дека еден голем дел од буџетот за 2025 година е проектиран и на трошоците за спроведување на локалните избори, дел од годишните оперативни планирања на општината за населбата ,, Единство,, за 2025 се совпаѓаат со вашите согледувања и утврдени приоритети и предлози и тоа:

1. Прославување на 8-ми Април, ден на Роми;
2. На улицата Пиринска ќе следи комплет Реконструкција на целата улица не само 50 метри со буџет од 2 000 000,00 (два милиони) денари;
3. Канализационата мрежа за одвод на отпадни води на улицата Пиринска е целосно изградена, приклучокот кон истата е во надлежност на ЈП Комуналец Крива Паланка и нема пречка за приклучок кон истата на целиот потег на улицата.
4. Општина Крива Паланка во изминатиот период донесе нов Генерален Урбанистички План (ГУП) на општината, согласно новиот ГУП, во иднина ќе следи изработка и на нов Детален Урбанистики План, така да населбата Единство е и ќе биде дел од новиот ДУП на општината.
5. Што се однесува до доделување на награда за најдобар ученик Ром, Општина Крива Паланка во своите планирања и буџетот на општината за 2025 година, општината и досега но и за 2025г. не предвидува вакви средства за ниту една националност, за Општина Крива Паланка сите ученици се исти без разлика на која нациналност или вера припаѓаат, сите уживаат еднакви права и исти образовни услови.
6. Туторска настава за учениците роми во изминатиот период е организирана, по наведените предмети, имавме таков проект, добро познат ни е и вкупниот износот

на потребните средства за ваква задача. Согласно ограничените буџетски средства на Општина Крива Паланка и износот потребен за овој предлог во рамки на буџетот за 2025 година, општината не е во можност да ја реализира активноста, но одговорните лица од училиштата добија задача да направат аналаиза на колку тоа дечиња би им бил потребен тутор и согласно реализацијата на приходите на буџетот на општината во 2025 година, можно е со некој и од ребалансите да биде вклучена и оваа активност.

7. Улицата Единство е исто така дел од годишните оперативни програмирања и планирања на општината за 2025 година;

**Укажување:** *Општина Крива Паланка во проектирањето, планирањето и подготовката на буџетските годишни оперативни програми го користи и организира ,,ФОРУМОТ ВО ЗАЕДНИЦАТА,, како алатка за најцелисходно и директно вклучување на граѓаните во одлучувачките процеси во локалната заедница. На форумот беа поканети и граѓани од ромска националност директно, но и со јавно соопштение и јавна покана поставени на повеќе локации во населбата ,,Единство,,. Воедно сакаме да ви укажеме и дека со тајмингот на доставување на Вашето писмо со предлозите за буџетот на општината за 2025 г. задоцнивте. Писмото го добивме кога процесот на планирање и проектирање на општинските годишни оперативни буџетски програми вклучително и форумот во заедницата со утврдување на граѓанските - форумските одлуки и приоритети беа комплет завршени, така да вашето писмо и предлози беа задоцнети.*
*Среќа во моментот е што вашите утврдени предлози и приоритети за населбата ,,Единство,, во Крива Паланка за 2025г. се исти со дел од приоритетите на општината за истата населба.*

**Со почит!**

**Изготвил: Лидија Митовска, виш соработник**
Оделение за јавни дејности

**Одобрил: Даниела Велковска**
Раководител на сектор за правни работи
јавни дејности и поддршка на градоначалникот

**Место и датум : 31.01.2025г.**
**Крива Паланка**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

..........................................................

**Сашко Митовски**
**Градоначалник на Општина Крива Паланка**